РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-626/1
25.9.2025 год.
ОХРИД

ИЗВЕШТАЈ НА РЕКТОРОТ

ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД

За период:

септември 2024 – септември 2025 година

Проф. д-р Иван Бимбиловски, Ректор

Охрид, септември 2025

СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Нормативно-правно уредување на дејноста на Универзитетот
3. Наставно-образовна дејност
4. Научно-истражувачка дејност
   - 4.1 Учество на проекти
   - 4.2 Објавување научни трудови
   - 4.3 Реализирани студиски посети од наставен и соработнички кадар
   - 4.4 Учества на конференции
   - 4.5 Други активности поврзани со научно-истражувачка работа
   - 4.6 Центар за дигитални уметности
   - 4.7 УИНТ Тест центар за ЕЦДЛ (European Computer Driving Licence)
   - 4.8. Кинески центар
5. Издавачка дејност
6. Меѓународна соработка
7. Финансиски извештаи за спроведени активности
8. Активности во доменот на примена на информатичките технологии
9. Центар за кариера
10. Соработка со стопански и нестопански сектор
11. Свечености и други настани

1. ВОВЕД

Согласно член 99 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018, 178/21 и 58/24), ректорот е должен да поднесува годишен извештај за својата работа и работата на Универзитетот до Универзитетскиот сенат, Универзитетскиот совет и до основачот – Собранието на Република Северна Македонија.

Во насока на сублимирање на резултатите од првата година од мандатот, се доставува овој извештај со цел да се даде краток, но содржаен преглед на:

- наставно-образовниот процес,
- научно-истражувачката дејност,
- финансиското и правното работење,
- јавните набавки,
- меѓународната соработка, итн.

Извештајот се однесува на периодот **септември 2024 – септември 2025 година**, што ја опфаќа **третата година од мандатот** на ректорот проф. д-р Иван Бимбиловски.

2. НОРМАТИВНО-ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид (во понатамошниот текст: УИНТ или Универзитетот) е државен универзитет основан од Собранието на Република Северна Македонија во 2008 година. УИНТ е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија во јули 2009 година. Првиот Статут на УИНТ е одобрен од Собранието во август 2010 година. По донесувањето на новиот Закон за високото образование во 2018 година, Универзитетот пристапи кон изработка на нов Статут, усогласен со новите законски решенија. Новиот Статут беше усвоен од Сенатот, а Собранието на РСМ даде согласност со одлука на седница одржана на 16.05.2019 година („Службен весник“ бр. 96 од 17.05.2019 година).

СЕДНИЦИ НА ТЕЛАТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКО И ФАКУЛТЕТСКО НИВО

Работата на телата на универзитетско и факултетско ниво се одвиваше непречено, согласно деловниците.

- **Сенат на УИНТ**: одржа 15 седници (до 07.07.2025) и донесе 101 акт.
- **Ректорска управа**: одржа 11 седници (до 04.07.2025) и донесе 180 акти.
- **Наставно-научен совет на Факултетот за компјутерски науки и инженерство**: 5 седници (до 04.06.2025), 84 акти.
- **Факултет за комуникациски мрежи и безбедност**: 9 седници (до 30.06.2025), 57 акти.
- **Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника**: 9 седници (до 04.06.2025), 47 акти.
- **Факултет за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика**: 8 седници (до 11.06.2025), 50 акти.
- **Факултет за информатички и комуникациски науки**: 9 седници (до 28.05.2025), 46 акти.

УНИВЕРАЗИТЕТСКИ СОВЕТ и ОДБОРИ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА

Универзитетски совет на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, врши надзор над извршувањето на дејноста на универзитетот, задачите на универзитетот, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот. Универзитетскиот совет формиран во октомври 2021 година во текот на својот мандат својата надлежност ја извршуваше преку одржување на седници, а согласно надлежностите од Законот за високо образование, ги разгледуваше извештаите на ректорот за работата на Универзитетот. Универзитетскиот совет еднаш годишно усвојуваше свои извештаи кои ги доставуваше до Сенатот и до Министерството за високо образование и наука.

Во текот на извештајниот период се отпочнати постапки за формирање на Одборите за соработка и доверба со јавноста формирани на сите 5 (пет) факултети во состав на Универзитетот кои во наредниот период ќе учествуваат во постапката за реакредитација на постоечките студиски програми и акредитација на нови студиски програми со доставување на позитивни мислења на елаборатите за реакредитација и акредитација на студиски програми.

ФАКУЛТЕТСКИ СТУДЕНТСКИ СОБРАНИЈА И УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Во периодот септември 2024 – септември 2025 година, во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот беа спроведени студентски избори по петти пат со цел конституирање на студентските тела. На Универзитетот е формирано Универзитетско студентско собрание со мандат од една година. Во текот на извештајниот период Универзитетското студентско собрание има одржано 4 седници. Во текот на својата работа Универзитетското студентско собрание донесе вкупно 20 акти.

Исто така на факултетите при Универзитетот формирани се факултетски студентски собранија и тоа на: Факултетот за компјутерски науки и инженерство, Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника. Во текот на својата работа факултетските студентски собранија донесоа вкупно 28 акти.

СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Студентскиот правобранител е избран од страна на Универзитетскиот сенат на предлог на Универзитетското студентско собрание со мандат од 2 години (јануари 2024-јануари 2026). Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот. Органите на високообразовната установа се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител. За својата работа студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до Сенатот на Универзитетот.

ДЕКАНИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Во извештајниот период се реализира мандатот на петте (5-те) декани на факултетите во состав на Универзитетот: Факултетот за компјутерски науки и инженерство, Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, Факултетот за информатички и комуникациски науки и Факултетет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, кои доставија годишни извештаи за својата работа за реалзиација на програмите за работа на деканите.

РАБОТА НА КОМИСИИ

На УИНТ во периодот септември 2024 - септември 2025 година континуирано работат постојани комисии, составени од наставен и ненаставен кадар. Комисиите вршат различни активности за кои се задолжени со одлуката за формирање и за својата работа донесуваат предлози, анализи, извештаи, нацрт-акти и сл.

БИЛТЕНИ

Во извештајниот период објавени се вкупно 15 (петнаесет) изданија на Универзитетскиот билтен во кој се објавуваат усвоените општи акти, реферати за избори во звања и рецензии на учебници или учебни помагала.

ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, од основањето во 2009 година, до денес, својата основна дејност – високо образование, ја изведува во седиште кое се наоѓа во недвижна ствар – зграда на Дом на армијата на Република Северна Македонија, на ул. Партизанска бб, 6000 Охрид, со вкупна внатрешна површина од 1465м2 (на КП бр.15503, КО Охрид 3, запишана во имотен лист бр. 103019) и земјиште запишано во имотен лист 931. Оваа недвижна ствар, и покрај фактичкото владение на најголем нејзин дел, формално-правно никогаш не е доделена на користење на Универзитетот.

Универзитетот се има обратено до Министерството за образование и наука, со барање за отпочнување постапка за обезбедување право на трајно користење на недвижна ствар за потребите на Универзитетот. По барањето сеуште се постапува.

ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Универзитетот има воспоставено систем за заштита на личните податоци со назначување на офицер за заштита на личните податоци, овластени лица кои се за пристап до личните податоци и назначи администратори на информацискиот систем. Универзитетот има донесено Полититка за воспоставување на систем за заштита на лични податоци со која се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки што Универзитетот, во својство на контролор, ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Универзитетот. Во насока за имплементација на Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци на Универзитетот има донесено општите акти со кои се воспоставени правилата за целосно функционирање на системот за заштита на личните податоци на Универзитетот.

СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

Универзитетот, во извештајниот период, презеде повеќе значајни активности во врска со прашањето за пријавување корупција, како и за информирање и подигнување на свеста кај студентите и вработените за механизмите што им стојат на располагање во насока на спречување на корупција во високото образование. Овластеното лице за прием на пријави за корупција, во текот на извештајниот период, активно учествуваше на неколку работилници и конференции организирани од страна на Државната комисија за спречување на корупција, во врска со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021–2025 (НССКСИ 2021–2025).

1. Спроведени активности за подостапно пријавување корупција на универзитетите, со вклучување и на студентите. Во соработка со Универзитетското студентско собрание, на 12.05.2025 година, во училница 5 (акцелератор), беше одржана инфо-средба со студентите, наставниот и административниот кадар на Универзитетот.
На средбата беа отворени теми за зголемување на свеста за корупцијата на универзитетите, нејзиното детектирање, пријавување и начини за нејзино сузбивање. Презентација имаше и студентскиот правобранител, а се разви и плодна дискусија на темата „Права на студентите“. Во просториите на Универзитетот е поставен постер за охрабрување на вработените и студентите да пријавуваат случаи на корупција.

2. Тековно следење на примената на Нацрт-политиката за спречување на корупција на Универзитетот и планирани активности

Согласно донесениот акциски план, следните активности се реализираат континуирано од страна на администрацијата на УИНТ: Јавно објавување на донесените правилници и други интерни акти на веб-страницата на УИНТ, како и на конкурсите (активност што тековно се спроведува); Јавно објавување на изборите во звања на веб-страницата на УИНТ (објавени се сите досегашни избори и редовно се објавуваат новите); Јавно објавување на одлуките за избор на Ректор, Проректор, Декан и други раководни функции на УИНТ на веб-страницата на Универзитетот (целата релевантна документација за изборот на Ректор е јавно достапна, а тековно се објавуваат и одлуките за избор на декани и проректори); Информирање на вработените и студентите за нивните права во случаи на корупција (преку документи објавени на веб-страницата и преку дополнителни информативни средби); Континуирано информирање на студентите и вработените на УИНТ за механизмите за справување со корупција, како и за нивните права и обврски во такви околности (редовно се спроведува)

3. Информација за доставени пријави на корупција

- Во извештајниот период не е доставена ниту една пријава за корупција.

САМОЕВАЛУАЦИЈА

Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид, на седницата одржана на 04.01.2024 година, донесе одлука за измена на составот на Комисијата за спроведување на самоевалуацијата на УИНТ за периодот 2023–2027 година. Комисијата за самоевалуација, на редовната седница одржана на 25 јануари 2024 година, изготви план на активности за подготовка на новиот Извештај за самоевалуација. Извештајот има за цел да обезбеди објективна слика за квалитетот на наставно-образовниот процес и научно-истражувачката работа на Универзитетот, како на прв, така и на втор циклус студии. Согласно Упатството за спроведување на самоевалуацијата, беше договорено дека при подготовката на извештајот ќе се анализираат податоци од следните три академски години: 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025. Во таа насока, продолжи континуираното спроведување на процесот на анкетирање за зимскиот и летниот семестар од секоја академска година. Материјалите собрани преку студентските анкети се редовно обработувани и анализирани од страна на Комисијата, при што добиените податоци ќе претставуваат основа за изработка на следниот Извештај за самоевалуација.

Последниот Извештај за самоевалуација на УИНТ, кој ги опфаќа академските години 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022, беше усвоен од страна на Сенатот во 2022 година. Извештајот е јавно достапен на официјалната веб-страница на Универзитетот, на следниот линк: https://uist.edu.mk/wp-content/uploads/2022/10/Извештај-за-самоевалуација-на-УИНТ-септември-2022-финален_Анекси_.pdf

Од анализата и заклучоците содржани во овој извештај произлегоа повеќе значајни согледувања и препораки, меѓу кои: Создавање на научни/технолошки хабови, кои ќе овозможат подобра комуникација и соработка помеѓу научно-истражувачкиот потенцијал на Универзитетот и иновативниот бизнис сектор. Зајакнување и охрабрување на атрактивноста на професионалните и научните степени, преку промоција на нови можности за развој на кариера и поврзување со бизнисот. Реакредитација и збогатување на понудата на студиски програми за прв и втор циклус студии, со цел нивна поголема привлечност за потенцијалните студенти. Подобрување на усогласеноста помеѓу наставните содржини и расположливите ресурси и материјали за учење, со акцент на обезбедување посовремени, поквалитетни и подостапни едукативни алатки за поддршка на наставата.

3. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Универзитетот нуди разновидни наставни програми за дипломски и постдипломски студии, во согласност со акредитирани студиски програми. Студиските програми се внимателно избрани и разработени од области кои се во согласност со мисијата и визијата на Универзитетот, овозможувајќи оправданост на неговото постоење и работење.

Целта на Универзитетот е:

- да обезбеди **висококвалитетно образование**,
- да ги следи и вградува **современите трендови** и барања на општеството,
- и да создава кадар што одговара на реалните и идните потреби на пазарот и заедницата.

- ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Универзитетот на прв циклус студии нуди тригодишни и четиригодишни студиски програми на следните факултети:

1. <u>Факултет за компјутерски науки и инженерство</u>

- **Студиска програма: Компјутерски науки и инженерство (тригодишни студии)**
  Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-293/7 од 27.10.2023 година.
- **Студиска програма: Компјутерски науки и инженерство (четиригодишни студии)**
  Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-288/8 од 23.05.2024 година.

2. <u>Факултет за комуникациски мрежи и безбедност</u>

- **Студиска програма: Комуникациски мрежи и безбедност (тригодишни студии)**
  Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-295/7 од 27.10.2023 година.
- **Студиска програма: Комуникациски мрежи и безбедност (четиригодишни студии)**
  Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-289/8 од 23.05.2024 година.

3. <u>Факултет за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика</u>

- **Студиска програма: Машинска интелигенција и роботика (четиригодишни студии)**
  Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-301/7 од 25.10.2023 година.
- **Студиска програма: Применети информатичко-комуникациски технологии („е-влада, е-бизнис, е-култура“), тригодишни студии**
  Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 1409-309/5 од 27.06.2019 година.

4. <u>Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника</u>

- **Студиска програма: Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника (тригодишни студии)** Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-298/8 од 23.05.2024 година.
- **Студиска програма: Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника (четиригодишни студии)** Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-294/7 од 25.10.2023 година.

<u>5. Факултет за информатички и комуникациски науки</u>

- **Студиска програма: Дигитална бизнис аналитика (четиригодишни студии).** Акредитирана со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, архивски број 08-292/8 од 23.05.2024 година.

Број на запишани студенти по факултети за академските 2023/2024 и 2024/2025 година

Во академската **2023/2024 година**, на **Универзитетот** се запишани **вкупно 135 студенти**, додека во академската **2024/2025 година** се запишани **вкупно 79 студенти**.

- ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Универзитетот нуди **едногодишни** и **двегодишни** студиски програми на **втор циклус студии** на следните факултети:

<u>1. Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика</u>

- **Студиска програма:** *Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци*
- **Вид на студии:** Двегодишни
- **ЕКТС кредити:** 120
- **Акредитација:** Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование
- **Архивски број:** 08-299/7
- **Датум:** 27.10.2023 година

<u>2. Факултет за комуникациски мрежи и безбедност</u>

Студиска програма: *Информатички науки и технологии*

- **Вид на студии:** Едногодишни
- **ЕКТС кредити:** 60
- **Акредитација:** Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование
- **Архивски број:** 08-287/8
- **Датум:** 23.05.2024 година

Студиска програма: *Информатички науки и технологии*

- **Вид на студии:** Двегодишни

- **ЕКТС кредити:** 120
- **Акредитација:** Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование
- **Архивски број:** 08-290/7
- **Датум:** 27.10.2023 година

3. Факултет за компјутерски науки и инженерство

- **Студиска програма:** *Компјутерска техника и информатика*
- **Вид на студии:** Едногодишни
- **ЕКТС кредити:** 60
- **Акредитација:** Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование
- **Архивски број:** 08-561/9
- **Датум:** 23.05.2024 година

4. Факултет за информатички и комуникациски науки

- **Студиска програма:** *Дигитална бизнис аналитика*
- **Вид на студии:** Едногодишни
- **ЕКТС кредити:** 240
- **Акредитација:** Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование
- **Архивски број:** 08-300/7
- **Датум:** 27.10.2023 година

- **Број на запишани студенти на втор циклус студии**
  - Во академската **2023/2024 година** на втор циклус студии се запишани **вкупно 16 студенти**.
  - Во академската **2024/2025 година** се запишани **вкупно 8 студенти**.

- **ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

Цел на програмата за докторски студии е да им обезбеди на студентите напредни и висококвалитетни знаења во поширокаta област на компјутерската техника и информатиката, со цел да ги подготви за ефективно справување со актуелните и идните технолошки трендови, како и со предизвиците кои произлегуваат од брзото и континуирано развивање на овие области. Програмата е внимателно осмислена за да ги развие истражувачките способности на студентите и да им овозможи да се вклучат во длабоки научни истражувања кои ќе допринесат кон понатамошниот развој на информациските технологии.

Студиите се организирани како тригодишна програма, со редовен режим на студирање, што вклучува обука на високо академско ниво, со значително внимание на иновациите и најновите достигнувања во областа. Студентите ќе се здобијат со неопходни општи знаења и истражувачки вештини преку специјализирани предмети, како и со практично искуство во истражувачки активности кои ќе им овозможат да се подготват за научна и професионална кариера.

Докторските студии вклучуваат широк спектар на активности, како што се докторски семинари, работилници и истражувачки практики, кои ќе бидат изведувани од врвни

академски и професионални експерти во областа. Дополнително, програмата обезбедува континуиран развој на истражувачките способности преку подготовка, изработка и одбрана на докторска дисертација, која ќе биде резултат на самостојно научно-истражувачко работење.

Програмата активно ги следи глобалните и европските трендови и развојните потреби на општеството, во контекст на постојаното напредување на информациските и комуникациските технологии. Се има предвид дека овие технологии се развиваат со забрзано темпо и нивната имплементација и трансфер во различни индустрии и области е се поприсутна и интензивна.

За академската година 2024/2025, програмата предвидува запишување на три докторанти. Програмата е структурирана на 180 ЕКТС поени, што е рамномерно распределено низ три години на студии.

Општи податоци за програмата:

- **Студиска програма:** Компјутерска техника и информатика
- **Вид на студии:** Тригодинишни
- **ЕКТС кредити:** 180 ЕКТС
- **Акредитација:** Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-409/7 од 27.10.2023 година
- **Степен:** Доктор по компјутерска техника и информатика
- **Број на докторанти за 2024/2025 академска година:** 3
- **Образовен режим:** Редовни студии

Програмата е фокусирана на иновации и развој, што ја прави привлечно и конкурентно решение за сите кандидати заинтересирани за напредна обука во областа на компјутерската техника и информатиката.

- НАСТАВЕН КАДАР

Наставата на Универзитетот се реализира од страна на наставно-научен и соработнички кадар, избран согласно со одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот. Вкупниот број на домашен наставно-научен, научен и соработнички кадар е прикажан во табелата подолу во текстот.

Во текот на извештајниот период беше извршено унапредување на три лица и тоа едно лице од наставно – научно звање доцет во вонреден професор и дев лица од наставно – научно звање вонреден професор во редовен професор. на две лица од соработнички во наставно-научни звања — доценти. Исто така, во истиот период беше извршен избор на тројца демонстратори кои се вклучија како асистенција во наставниот процес. Состојбата со бројот на вкупниот академски кадар укажува на неопходноста и потребата од континуирано обновување, особено во делот на соработничките звања, но и во наставно-научните звања. Ова е од клучно значење за обезбедување на континуитет, како и за унапредување на квалитетот на образовниот и научно-истражувачкиот процес на Универзитетот.

4. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Универзитетот успешно реализира научно-истражувачки проекти преку програмите на фондовите на Европската Унија, во соработка со партнерски универзитети и организации од земјата и од странство.

4.1 УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ

✓ Вонр. проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска е универзитетски координатор во проектот COPILOT Enhancing Deep Tech Innovation and Entrepreneurship Capacities in Sustainable Environment, поддржан од EIT Food (2025-2027).

- ✓ Вонр. проф. д-р Мерсиха Исмајлоска е координатор за дисеминација и комуникација во проектот "Social Impact NFTs: Empowering youth to make a social impact by creation of NFTs" во рамки на програмата ERASMUS-EDU-2024-VIRT-EXCH.
- ✓ Д-р Љубица Топузовска е координатор на проектот JOINABLE IPA ADRION.
- ✓ Вонр. проф. д-р Анета Велкоска учествуваше во реализацијата на проектот Дигитална трансформација водена од вештачка интелигенција во паметни производни системи, поддржан од Министерството за економија и труд.
- ✓ Вонр. проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска беше член на работна група (WG1) за подготовка на технички извештај во рамки на проектот LIAISE COST Action (CA22110) - "Identification of technical and non-technical barriers related to the implementation of Industrial Symbiosis", Technical Report, Technological Centre of Furniture and Wood of the Region of Murcia (CETEM), Yecla, Spain, DOI:10.13140/RG.2.2.25686.36163, Report number: D1.4.
- ✓ Доц. д-р Љубинка Санџакоска учествуваше во реализацијата на проектот "Empowering Innovation: Transforming the Future with Smart Specialization, Green Growth, and Digitalization", поддржан од Министерството за економија и труд.

Научно-истражувачки проекти

Активни истражувачки проекти во текот на наведениот период, септември 2024 до септември 2025 година (види прилози).

Апликации за проекти

- ✓ Вонр. проф. д-р Анета Велкоска подготви предлози за проекти: CASSINI Hackathon 2025 (9th CASSINI Hackathon in May 2025 and 10th CASSINI Hackathon in November 2025), Competence Centre Green AI Deal за повикот Research and Development Projects between Germany and the Western Balkans (WEB2025), и два проекти за Министерството за образование и наука на Р. Македонија, за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети.
- ✓ Доц. д-р Љубинка Санџакоска подготви предлози за: COST Action Proposal SWAT4Pro (OC-2024-1-27511) - Sustainable WAterborne Transportation for PROtected areas; ERASMUS + PRACTICAL SKILLS-ORIENTED TRAINEESHIPS IN ICTs FIELD, и предлог проект за повик објавен од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети.
- ✓ Вонр. проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска беше дел од тимот на Универзитетот „Св. Апостол Павле" за подготовка на проектна апликација за конкурсот на Министерството за образование и наука за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети за 2025 година. Наслов на проект: "Зајакнување на отпорноста од климатските промени во македонското земјоделство преку паметна инфраструктура за наводнување".
- ✓ Вонр. проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска беше дел од универзитетскиот тим за подготовка на заедничка апликација со Furtwangen University (HFU) од Германија за проект со наслов: "Competence Centre Green AI Deal within Promotion of Research and Development Projects between Germany and the Western Balkans (WEB2025)".
- ✓ Д-р Љубица Топузоска подготви проектна апликација за програмата IPA ADRION, Title: Climate-Resilent Urban Service for Health (CRUSH).

4.2 ОБЈАВУВАЊЕ НА НАУЧНИ ТРУДОВИ

Кадарот активно членува во мрежи како COST, ICGEB, IEAE, Horizon 2020, Horizon Europe и слични интернационални мрежи на истражувачи. Истражувачката работа и објавувањето на научни трудови продолжува и во 2024 и 2025 година. Во извештајниот период наставниот кадар на Универзитетот објавил вкупно 80 (осумдесет) трудови и публикации (види прилози).

4.3 РЕАЛИЗИРАНИ СТУДИСКИ ПОСЕТИ ОД НАШИОТ НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

- ✓ Проф. д-р Елена Хаџиева реализираше Teaching mobility во FEEC, University of Campinas, Brazil, Erasmus grant no. 2023-1-MK01-KA171-HED-000113448 на тема „Mathematics at the core of AI“ (31 март - 6 април 2025).
- ✓ Проф. д-р Елена Хаџиева реализираше visiting scholar престој (Research grant for technical visit obtained from Unicamp) (7 - 17 април 2025).
- ✓ Вонр. проф, д-р Александар Карадимче, учествуваше на CAIDAS-работилница: Вештачка интелигенција за софтверско инженерство на Универзитетот Јулиус-Максимилијан во Вирцбург, Германија (29.9.2024 - 2.10.2024).

  https://www.caidas.uni-wuerzburg.de/ml4nets/news/single/news/workshop-on-ai-in-software-engineering/
- ✓ Учество на вонреден проф. д-р Анета Велкоска како делегат на Gansu Fellowship International Exchange Program од 1.06.2025 до 20.06.2025.
- ✓ Доц. д-р Даниела Мечкароска реализираше Erasmus+ Staff Teaching Mobility (STA) на Department of Engineering, University Niccolò Cusano, Rome, Italy на тема „Cloud and IoT-Driven AI Systems for Smart Monitoring and Automation“ (30 јуни - 4 јули 2025).

4.4 УЧЕСТВА НА КОНФЕРЕНЦИИ ОД НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

- ✓ I. Mitreska, A. Velkoska, D. C. Bogatinoska, Atanas Hristov: "*COVID-19 Pandemic Management: A Cloud-Based Electronic Health Record System*", Proceeding of the International Conference on Advanced Research in Technologies, Information, Innovation and Sustainability (ARTIIS 2024), Santiago de Chile, Chile, 21-23 октомври 2024.
- ✓ Aneta Velkoska, Atanas Hristov: "*Social Media Use by Businesses in Europe*", Proceedings of 16th international conference ICT innovations, Охрид, Македонија, 28-30 септември 2024.
- ✓ Atanas Hristov, Aneta Velkoska: "*Constructive and Local Search for Warehouse Order Picking Optimization*", "Computational Modelling of Combinatorial Optimisation Problems", Luxembourg Institute of Science and Technology (LIST), Belvaux, Luxembourg, 16-20 јуни 2025.
- ✓ Daniela Mechkaroska, Atanas Hristov, Ile Dimitrievski: "*AI and AR for Object Identification in Industrial Environments*", University of Fribourg, Germany, 2-3 јуни 2025.
- ✓ Anis Sefidanoski: "*Artificial Intelligence and Transhumanism: How to Redefine the Human Potential?*", MASIT 29 октомври 2024.
- ✓ Anis Sefidanoski: "*AI Driven Diplomacy*", A Dialogue for Unity and Peace: Remembering

the Past, Shaping the Future, International Center Alliance of Civilizations, 19 мај 2025.

- ✓ Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски учествуваше на Workshop: "Cyber Bastion: Enhancing Cybersecurity and the ICT Environment in the Western Balkans", training organized by the CRDF Global, in partnership with the U.S. Department of State and the Cybersecurity Foundation from Poland, Скопје, 26-27 ноември 2024.
- ✓ Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски учествуваше на конференција"A Dialogue for Unity and Peace: Remembering the Past, Shaping the Future", organized by the International Center Alliance of Civilizations (ICAC), Session panelist on "Tech-Driven Diplomacy: Can AI and New Technologies Bridge Global Gaps or Deepen Divides?", Скопје, 9 април 2025.
- ✓ Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски учествуваше на Final Conference: EU-WBF " Regional Dialogue Session", Western Balkans Fund, in cooperation with the European .Union, Приштина, Косово, 11-13 јуни 2025
- ✓ O. Petan, A. Karadimche, D. Capeska Bogatinoska and Lj. Sandjakoska: "*Beyond Single-Label Classification: Enhancing Radiological Diagnostics for Thoracic Diseases with Azure AutoML*", in 16th ICT Innovations 2024 Conference "TechConvergence: AI, Business, and Startup Synergy", 28-30 септември 2024, ICT Innovations 2024 Conference Web Proceedings, pp.226-240. ISBN 978-608-65468-4-7. Skopje, January 2025.
- ✓ Hadzieva E.: "*Transformations of IFS Fractals - the Fixed Points of the Hutchinson Operator*", NRA-CSIT 2025 conference, July 3-4, 2025, Vlore, Albania. (keynote speaker).
- ✓ K. Chakarovski, D. Mechkaroska, and E. Domazet: "*AWS-Based Chatbot and IoT Framework in Healthcare*", 10th International Scientific Conference -- LIMEN 2024, Conference Proceedings, ISSN 2683-6149, ISBN 978-86-80194-92-9. (Accepted, DOI pending)
- ✓ P. Risteski, D. Mechkaroska, J. Karamachoski, & S. Duman: "*The Role of Human Error in Cybersecurity Threats: Minimizing Risks in Information Systems*", во: Proceedings of the 5th International Conference on Intelligence-Based Transformations of Technology and Business Trends (ICITTBT 2025), (Accepted for publication in Springer CCIS; ISBN and DOI forthcoming; Scopus-indexed).
- ✓ E. Velinova, V. Cvetanoski, K. Chakarovski, D. Mechkaroska, and E. Domazet: "*Cloud-Based AI Surveillance for Motion Detection and Facial Recognition*", in Proceedings of the 2025 3rd Cognitive Models and Artificial Intelligence Conference (AICCONF), Prague, Czech Republic, 13-14 јуни 2025, pp. 1-6. DOI: 10.1109/AICCONF64766.2025
- ✓ B. Demir, E. Domazet, and D. Mechkaroska: "*Overview of Memory-Efficient Architectures for Deep Learning in Real-Time Systems*", presented at the International Conference on Electronics, Engineering Physics and Earth Science (EEPES 2025), Alexandroupolis, Greece, 18-20 јуни 2025. (Forthcoming in Engineering Proceedings, MDPI)
- ✓ Miloshevska, L.: "*The study of anglicisms in Macedonian journalistic corpora through corpus analysis tools*", Международната конференција по българистика, 4-5 октомври 2024, Софијски универзитет "Св. Климент Охридски".
- ✓ Miloshevska, L.: "*Applying Corpus Analysis Tools to the Study of Anglicisms in Macedonian Media Texts*", The 8th International Congress of Applied Linguistics Today -- Modern Approaches to Old and New Challenges, 23-25 мај 2025, Faculty of Philology, Belgrade, Serbia.
- ✓ Miloshevska, L.: "*What Makes Anglicisms Survive? A Corpus-Based Study of Patterns of Conventionalization, Institutionalization and Lexicalization*", XIX национални филолошки четения за студенти и докторанти, Southwest University "Neofit Rilski" Blagoevgrad, 12 мај 2025.
- ✓ Miloshevska, L.: "*Синхронична и дијахронична анализа на англицизмите во македонски јазичен корпус*", 52. Меѓународна научна конференција на

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Охрид, 29-30 август 2025.

- ✓ Ј. Иловски, М. Исмајлоска: "*Генеративна вештачка интелигенција како средство за заштита и интерпретација на јазичното наследство*", 52. Меѓународна научна конференција, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ, Охрид, 29-30 август 2025.
- ✓ Erceg, A., Damoska Sekuloska J., Sannegadu R. and Cincurak Erceg B.: "*Croatia, North Macedonia and Mauritius -- Industrial symbiosis barriers comparison*", Conference: Industrial Symbiosis from a business perspective: challenges and opportunities, Izmir, Turkiye, Publisher Technological Centre of Furniture and Wood of the Region of Murcia (CETEM), Yecla, Spain, 2025.
- ✓ Jovanka Damoska Sekuloska and Aleksandar Erceg: "*Silver Economy as an Opportunity for SME Growth*", 10th International Scientific Conference ERAZ 2024 -- Conference Proceedings, https://doi.org/10.31410/ERAZ.2024.19
- ✓ Erceg A., Damoska Sekuloska J. and Boskovska: "*Industry Symbiosis -- Literature Review and Situation in North Macedonia*", Proceedings of Conference: International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, Shaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow, Icon Best, Skopje, 2024.
- ✓ Ilovski J. and Damoska Sekuloska J.: "*Leveraging Customer Value: Custom CLV Calculator for Enhanced Market Insights*", 11th International Scientific Conference ERAZ 2025 Knowledge-Based Sustainable Development, June 5, 2025, University of Barcelona, Barcelona, Spain.
- ✓ Chauleva B. and Damoska Sekuloska J.: "*Innovative Data-Driven Email Campaign Strategies with Salesforce Marketing Cloud*", 10th International Scientific - Business Conference -- LIMEN 2024, Leadership, Innovation, Management and Economics: integrated politics of research, December 5, 2024, Vienna University of Technology, Vienna, Austria.
- ✓ Ljubinka Sandjakoska, Rasim Salkoski, Atanas Hristov, Anita Salkoska, Ensar Bronja: "*AI-Driven Smart Drying: Enhancing Efficiency in Transformer Production Systems*", 5th ICITTBT 2025 Conference, p.3, Tirana, R. Albanija.
- ✓ Kristina Korkutoska, Ljubinka Sandjakoska, Valentin Cvetanoski and Rasim Salkoski: "*Enhancing Facial Recognition Through 3D Depth Map Optimization*", IWSSIP-2025, IEEE eCF paper id: 703218, p. 36, Skopje, N.R. Macedonia.
- ✓ Valentin Cvetanoski, Ljubinka Sandjakoska and Rasim Salkoski: "*Computational Photography Assessment: A Framework for Image Quality and Composition Analysis*", ciit 2025, p.67, Proceedings ciit 2025, Strumica, N.R. Macedonia.
- ✓ M. Todorovska, D. Capeska Bogatinoska, J. Karamachoski, & B. Sefa: "*Augmented Reality Tourist Guide for Cultural Heritage Sites: A Low-Cost Prototype Implementation for Ohrid, North Macedonia*", во: Proceedings of the 5th International Conference on Intelligence-Based Transformations of Technology and Business Trends CITTBT 2025.

4.5 ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Учества во COST акции и меѓународни проекти

- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на настан организиран од COST Action: CA20120, Intelligence-Enabling Radio Communications for Seamless Inclusive Interactions (INTERACT), Dublin, Ireland, 27-30 јануари 2025.
- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на настан организиран од CA22137, Randomised Optimisation Algorithms Research Network (ROAR-NET), International

University of Sarajevo, Bosnia & Herzegovina, 18-19 февруари 2025.

- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на настан организиран од CA23135, Bringing Digital Data and Reality Together - Augmented Reality in Forestry (ARiF), Institut National des Sciences Appliquées (INSA) Strasbourg, France, 6-7 мај 2025.
- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на работилница организирана од ECON на тема "Horizon Europe", Рим, Италија, 29 мај 2025.
- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на настан организиран од CA23135, Bringing Digital Data and Reality Together - Augmented Reality in Forestry (ARiF), University of .Freiburg, Germany, 2-3 јуни 2025
- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на настан организиран од COST Action: CA21169, Information, Coding, and Biological Function: the Dynamics of Life (DYNALIFE) на тема "From Theoretical Models to Experiment and Back", Sozopol, .Bulgaria, 4-5 септември 2025
- ✓ Проф. д-р Атанас Христов учествуваше на летна школа организирана од CA22137, Randomised Optimisation Algorithms Research Network (ROAR-NET), Luxembourg Institute of Science and Technology (LIST), 16-20 јуни 2025.
- ✓ Виш лектор м-р Лина Милошевска учествуваше на Joint CG and Cross WG Meeting, COST Action: CA21114, CLIL Network for Languages in Education: Towards bi- and multilingual disciplinary literacies (CLILNetLE), Centre for Advanced Academic Studies .(CAAS), Dubrovnik, Croatia, 1-2 април 2025
- ✓ Виш лектор м-р Лина Милошевска учествуваше на 2nd ENEOLI General Meeting, WG meeting, workshop and YRI presentation, COST Action: CA22126, European Network On Lexical Innovation (ENEOLI), HUN-REN Hungarian Research Centre for .Linguistics, Budapest, Hungary, 10-12 април 2025

Меѓународни предавања и гостувања

- ✓ Вонр. проф. д-р Анис Сефиданоски: "Intelligenza artificiale e transumanesimo: come ridefinire il potenziale umano?", Digital Security Festival - Friuli-Venezia Giulia, Udine, Italia, 18 октомври 2024. https://www.digitalsecurityfestival.it/anis-sefidanis-esperto-di-ai-ospite-internazionale-del-digital-security-festival/

- ✓ Вонр. проф. д-р Анис Сефиданоски: "Industry 5.0", Festival of New Technologies, .Vratsa 2030, 16 април 2025 https://lider.bg/vracza-stana-sczena-na-inovaczii-roboti-i-izkustven-intelekt-na-parviya-po-roda-si-festival-na-tehnologiite-vracza-2030/

- ✓ Вонр. проф. д-р Анис Сефиданоски: "AI for Creativity & Digital Humanities", 4th International Forum of Creative Industries, UMPACI, 25 ноември 2024. https://umpaci.com/creativeforum/

- ✓ Вонр. проф. д-р Анета Велкоска учествуваше како делегат на Gansu Fellowship International Exchange Program (1-20 јуни 2025) и како предавач на Lanzhou University in Gansu на тема "Enhancing Climate Resilience in North Macedonian Agriculture through Smart Irrigation Infrastructure A Policy-Integrated Pilot Initiative". https://caoye.lzu.edu.cn/xueshubaogao/2025/0617/313114.html

- ✓ Проф. д-р Андреас Спанијас од Државниот универзитет во Аризона одржа Фулбрајтов истражувачки семинар на УИНТ на тема "SenSIP истражување во класично и квантно процесирање на сигнали и вештачка интелигенција за енергија и други апликации", 14 април 2025. Семинарот беше организиран од вонр. проф. д-р Александар Карадимче и вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска (по покана од проф. Елена Хаџиева). https://uist.edu.mk/fulbright-research-seminar-by-prof-andreas-spanias/

✓ Проф. д-р Елена Хаџиева учествуваше на мини-курс во Data Science and AI, University of Vlora "Ismail Qemali", Albania, 19-23 мај 2025.

✓ Проф. д-р Елена Хаџиева учествуваше на генерално собрание на Европското здружение на жени математичарки: EWM General Assembly online meeting, 28 октомври 2024 и 14 јануари 2025.

Менторски активности

✓ Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски беше ментор во William & Mary Global Innovation Challenge (WMGIC), Flagship NATO Event: Countering Disinformation Challenge (ноември 2024). Водеше меѓународен студентски тим во развивање иновативни политички решенија за дезинформации. Обезбедуваше стратешки совети, истражувачка насока и тренинг за презентации.

✓ Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски беше ментор во APSA - American Political Science Association Mentoring Program (октомври 2024 - мај 2025). Менторираше на далечина за академски развој, истражувачко пишување и планирање на кариерата. Водеше редовни двонеделни сесии и обезбедуваше писмени повратни информации за предлози и CV.

✓ Вонр. проф. д-р Горан Шибаковски беше ментор во Macedonia2025 Mentorship Program, Talents of Today -- Leaders of Tomorrow Program (март - јуни 2025). Волонтираше како ментор за поддршка на студентите преку индивидуално виртуелно менторирање. Им помагаше на студентите да поставуваат академски и кариерни цели, обезбедуваше насоки за личен раст и споделуваше професионални увиди.

Организациски активности

✓ Проф. д-р Елена Хаџиева беше член на организациски одбор и водител на Јуниорската Балканска Математичка Олимпијада, во организација на Природно-математички факултет, УКИМ-Скопје и MASEE (Mathematical Association of South-Eastern Europe), Струга, Македонија, 24-29 јуни 2025.

✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче беше организатор на Startup Weekend Ohrid 2024 и 2025, Event by Startup Macedonia. Настанот се одржа од 25 до 27 април 2025 година во просториите на УИНТ. Целта на настанот беше да обезбеди можност за вмрежување за новата генерација професионалци, претприемачи, иноватори и ентузијасти за стартап компании, како и шанса да го развијат и лансираат својот стартап во Македонија и во странство. https://swohrid.com/

✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче беше домаќин на воведниот состанок на проектот Erasmus+ SINFT -- NFT со социјално влијание, април 2025. Проектот SINFT, финансиран во рамките на повикот Erasmus+ EDU-2024-VIRT-EXCH, официјално започна во април 2025 година и ќе трае 36 месеци. Главната цел на проектот е да се зајакне дигиталниот капацитет на младинските и граѓанските организации преку опремување со знаење и алатки поврзани со NFT, блокчејн и други дигитални решенија за справување со социјалните предизвици. https://uist.edu.mk/uist-hosted-sinft-project-kick-off-meeting/

✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче учествуваше на состанок за ECON (Европска мрежа за соработка), Порто, Португалија, 4-7 декември 2024. Иницијативата има за цел поттикнување на соработката и подобрување на компетенциите на организациите вклучени во програмите на Европската Унија со цел отворање транснационални партнерства. https://uist.edu.mk/fostering-eu-collaboration-econ-network-meeting-2024/

- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче учествуваше на работен состанок на проектот SINFT "Social Impact NFTs, Empowering Youth to Create Social Change through NFTs", Тбилиси, Грузија, 21-25 јули 2025. Целта беше да се дизајнира структурата и содржината на SINFT MOOC, дигитална платформа за учење насочена кон опремување на младите и организациите на граѓанското општество. https://uist.edu.mk/university-st-paul-the-apostle-participation-in-the-sinft-project-social-impact-nfts-empowering-youth-to-create-social-change-through-nfts/
- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче организираше панел "Жените во енергетиката: Од визија до акција", 22 мај 2025. https://uist.edu.mk/panel-discussion-on-women-in-engineering-with-a-focus-on-energy/
- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче организираше прием на гости професори од Академијата за професионални студии од Јужна Србија, 15 мај 2025. https://uist.edu.mk/professors-from-the-academy-of-professional-studies-from-southern-serbia-visited-the-university-of-information-science-and-technology-st-paul-the-apostle-ohrid/
- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче и претставниците на УИНТ се сретнаа со Стопанската комора со презентација за практична настава во високото образование. Беше презентирана соработката со компаниите „Костал Македонија", „ОДВ Електрик" и „ЛТХ Леарница", Охрид.
- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче и претставниците на УИНТ учествуваа на Саемот за образование и кариера во Охрид, Младински центар, 30 април 2025. Настанот, организиран за поддршка на младите луѓе од Охрид и околниот регион, им обезбеди платформа на студентите, неодамна дипломираните студенти и младите професионалци да истражат академски опции, да се вмрежат и да ги планираат своите идни кариери. https://uist.edu.mk/uist-showcases-innovative-programs-at-the-ohrid-education-and-career-fair/
- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче и претставниците на УИНТ учествуваа на EEC Virtual Higher Education Expo 2024 на тема „Поврзи се и откриј", 10-11 декември 2024. Овој реномиран настан има за цел да ги поврзе студентските организации, агенциите за регрутирање, универзитетите и потенцијалните студенти од целиот свет, поттикнувајќи можности за соработка со учесници од Европа, Азија, Јужна Америка и Карибите. https://uist.edu.mk/uist-showcases-excellence-at-eec-virtual-higher-education-expo-2024/
- ✓ Вонр. проф. д-р Александар Карадимче и претставниците на УИНТ организираа Отворен ден на УИНТ 2025 -- Прослава на иновации, инклузија и инспирација, 24 април 2025. Настанот им посака добредојде на средношколци, едукатори и гости од целата земја за да го доживеат духот на иновациите што го дефинира УИНТ. https://uist.edu.mk/uist-open-day-2025/

Рецензентска дејност

- ✓ Доц. д-р Даниела Мечкароска беше рецензент за International Journal of Electrical and Electronic Engineering & Telecommunications (IJEETC) (2024).
- ✓ Доц. д-р Даниела Мечкароска беше рецензент за MDPI Journals (Symmetry, Sensors, Electronics) (2025).
- ✓ Доц. д-р Даниела Мечкароска беше рецензент за EEPES 2025 – International Conference on Electronics, Engineering Physics and Earth Science.

Постери и дополнителни презентации

- ✓ Доц. д-р Даниела Мечкароска, проф. д-р Атанас Христов и проф. д-р Иле Димитриевски: "AI and AR for Object Identification in Forest Environments", poster presented at the ARiF General Working Group Meeting, University of Freiburg, Germany, 2-3 јуни 2025.

Домашни активности

✓ Проф. д-р Елена Хаџиева учествуваше на месецот на науката како поканет предавач: "Математиката е прекрасна", Природно-математички факултет, Скопје, 30 ноември 2024.

Панел дискусии

✓ Вонр. проф. д-р Анис Сефиданоски учествуваше на панел дискусија "Етика во користењето на вештачката интелигенција" со д-р Марија Ѓошева-Крстевски (Експертка за компіутерска безбедност) и Мила Јосифовска-Даниловска (Фондација Метаморфозис). Модераторка: Лилјана Пецова-Илиевска, октомври 2024.

4.6 ЦЕНТАР ЗА ДИГИТАЛНИ УМЕТНОСТИ

Центарот за дигитални уметности иницира низа активности за вмрежување и воспоставување партнерство со слични центри и универзитети, како и истражувачи и иноватори од областа на дигиталните уметности, информатичките науки и технологии и креативните индустрии.

Центарот за дигитални уметности беше активно вклучен во промоција на Универзитетот преку проекти за унапредување на визуелниот идентитет на УИНТ, како и дизајн и изработка на промотивни материјали – брошури, фалери, постери, презентации, промотивни видеа итн.

4.7 УИНТ ТЕСТ ЦЕНТАР ЕЦДЛ (European Computer Driving Licence)

ЕЦДЛ е светски признаена програма за потврдување на компјутрска писменост. Програмата овозможува развивање на ИТ вештини, надоградување на постоечкото знаење со што се подобруваат можностите за вработување бидејќи оваа програма е водечка светска програма за добивање и докажување на поседувањето на компјутерски вештини која е широко прифатена од работотдавачите во светски рамки.

4.8 КИНЕСКИ ЦЕНТАР ЗА НАУКА, ТЕХНОЛОГИЈА И КУЛТУРА

Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка со Универзитетот „Џиаотонг“ од Ланжоу, во јуни 2016 година, на Универзитетот за информатички науки и технологии (УИНТ) беше воспоставена стратешка меѓународна соработка со институции од НР Кина.

Во рамки на оваа соработка, висока делегација предводена од г. Хао Јуан, Вицегувернер во Владата на провинцијата Гансу, и проф. Јанг Зицианг, Претседател на Универзитетот „Џиаотонг“, во придружба на нивни соработници и стопанственици, во 2016 година ја посети Република Северна Македонија и УИНТ. Во текот на оваа посета, на Универзитетот беше **отворен Центар за научна и културна соработка со Народна Република Кина**, со цел унапредување на академската и културната размена меѓу двете институции и земји.

Во 2019 година, **во целост беше реализирана меѓународната донација од Кинеската влада**, доделена преку Универзитетот „Џиаотонг“ од Ланжоу. Донацијата опфати современа компјутерска опрема, вклучувајќи: 30 десктоп компјутери со лиценциран оперативен систем Windows 10, 30 монитори, switch уред, проектор со електрично платно, 30 слушалки, како и дополнителна техничка и инсталациска опрема (плафонски држач за проектор, LAN и VGA кабли, напојувања, пластични канали и слично). Истата беше инсталирана во соработка со кинеската страна, со дополнителен пренос на знаења за користење на опремата. Вкупната вредност на донацијата изнесуваше **34.319**

американски долари. Во октомври 2019 година, во просториите на УИНТ беше **опремена и свечено отворена Компјутерска лабораторија** во рамки на Центарот за научна и културна соработка. Настанот се одржа на 10.10.2019 година и беше одбележан со присуство на делегација од Универзитетот „Циаотонг“ – Ланжоу, предводена од деканот на Школата за меѓународно образование, г. Жанг Гуоцин, како и висока делегација од Министерството за наука и технологија на провинцијата Гансу, предводена од генералниот директор, г. Ши Баисхан. Присуствуваа и претставници од Амбасадата на НР Кина во РСМ.

5. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Универзитетот ја организира и спроведува издавачката дејност согласно усвоен Правилник за организирање на издавачка дејност на Универзитетот. Универзитетот има активно научното списание Journal of UIST, кое ги обработува следниве теми: Communication & Network Technology, Cybersecurity, Distributed and Parallel Computing, Blockchain, Smart Systems & IoT, Data Science, Biomedical Engineering, Metaverse, Virtual and Augmented Reality, Automation & Robotics, Applied Mathematics, Business, Economy, Entrepreneurship & Management, Digital Art and New Media Art, Information Society & Digital Transformation. Во извештајниот период од страна на Универзитетот, издадени се 2 учебници и 1 учебно помагало

6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Остварена соработка со странски високообразовни установи и институти

Во насока на размена на искуства, овозможување размена на студенти, наставен и соработнички кадар, во периодот опфатен со Извештајот, продолжена е активноста кон зголемување на бројот на формално воспоставени соработки, пред сè со високообразовни установи и институти од странство: Паневропски универзитет Апеирон (Pan-European University Apeiron) од Бања Лука, Босна и Херцеговина , Технички универзитет на Варна (Technical University of Varna), Бугарија, Шангајски универзитет за медицина и здравствени науки (Shanghai University of Medicine and Health Sciences, Универзитет Квазулу-Натал (University of KwaZulu-Natal), Јужноафриканска Република, Универзитет Махариши Маркандешвар –Мулана – Амбла (Maharishi Markandeshwar (Deemed to be University) Mullana- Ambala), Индија, Универзитет Сао Каетано до Сул (Universidade de São Caetano do Sul – USCS), Бразил, Универзитет ВИТ Бопал (VIT Bhopal University), Индија, Универзитет Ел-Куед (University of El Qued), Алжир , Универзитет ФАН С. НОЛИ, Албанија, Универзитет Мајка Тереза, Скопје, Универзитет Бурдур Мехмед Акиф Ерсој, Турција (Burdur Mehmet Akif Ersoy University, Burdur), Турција, Универзитет Ajeenkya DY Patil University**,** Индија, Универзитет Georgian American University, LLC, Универзитет Altınbaş University, Istanbul; Универзитетот за библиотечни студии и информациски технологии од Софија, Бугарија, Универзитет Gansu Agricultural University, НР Кина, Договор за донација на с-ва за стипендии помеѓу Амбасадата на НР Кина во Р.С.Македонија и УИНТ „Св. Апостол Павле“ Охрид (октомври 2024), Меморандум за соработка помеѓу УИНТ „Св. Апостол Павле“ Охрид и Ланџоу Циаотонг Универзитетот од НР Кина (декември 2024), Договор за соработка помеѓу УИНТ „Св. Апостол Павле“ Охрид и Ланџоу Циаотонг Универзитетот од НР Кина за продолжување со изградба на Центарот за технологија, образование и културна размена (декември 2024).

Реализирани мобилности на студенти во рамки на Еразмус програмата

Во рамките на програмата Еразмус+, Универзитетот постигна значајни резултати во текот на извештајниот период, особено во делот на Клучна Акција 1. Активностите и постигнувањата се прикажани во следниот преглед: Добиени Еразмус проекти во делот

на Клучна Акција 1: **2**, Склучени Еразмус меѓу-институционални договори во делот на Клучна Акција 1: **2**, Реализирани излезни мобилности во делот на Клучна Акција 1: **3**, Реализирани мобилности на наставен кадар во извештајниот период: **3**, Реализирани мобилности на административен кадар во извештајниот период: **3**, Планирани мобилности за следниот период (академска 2025/26 година): **4**, Влезни мобилности во рамки на Еразмус програмата: **4**, Учество на саеми за високо образование во рамки на Еразмус КА1 програмата: **5**, Активности за дигитализација на Еразмус програмата: **5**, Предавања од странски професори во рамки на Еразмус програмата: **5**

Овие податоци ја потврдуваат посветеноста на Универзитетот кон интернационализацијата и активно вклучување во европскиот образовен простор. УИНТ „Св. Апостол Павле“ – Охрид, преку Одделението за меѓународна соработка, продолжува активно да работи во делот на **ЕРАЗМУС+ програмата Клучна Акција 1**, преку зголемување и проширување на бројот на договори со универзитети од Европската Унија и пошироко, како и преку реализација на мобилности на наставен, административен кадар и студенти. Преку оваа активност, УИНТ, во согласност со долгорочната визија на Универзитетот, ги постигнува следниве клучни цели: интернационализација, зајакнување на глобалните академски партнерства, подобрување на институционалната видливост и репутација, поттикнување на прекугранична соработка, јакнење на капацитетите на студенти и кадар, овозможување интеркултурни компетенции, креирање долгорочни мрежи за академски и професионален развој. УИНТ е единствениот јавен универзитет во Северна Македонија со пет оддели посветени на академската област 061, што овозможува непречено движење на студентите и нивно учество во Еразмус програмата.

Придобивки од Еразмус КА1 за студентите

Преку Еразмус програмата, Клучна Акција 1, се овозможуваат следниве придобивки: подобрување на вработливоста, меѓународното искуство ја зголемува конкурентноста на глобалниот ИКТ пазар, учесниците стекнуваат адаптибилност и интеркултурна флуентност, промоција на европски вредности кај студентите кои реализираат мобилност, поттикнување разбирање на принципите на ЕУ и академска соработка, охрабрување на културна интеграција и граѓанска ангажираност, развој на вештини – јазична компетентност, технолошка експертиза, тимска работа во разновидни средини, изложеност на меѓународни академски стандарди и практики

Импакт на програмата

Преку Еразмус програмата се овозможува траен импакт на УИНТ, позиционирајќи го како регионален лидер во ИКТ образованието и меѓународната соработка, со придонес кон: глобална мобилност на таленти, развој на инклузивни и иновативни академски пракси, зајакнување на присуството на Северна Македонија во европското високо образование, постигнување на институционални и академски цели усогласени со стратешката визија на УИНТ.

Активности според компоненти

Добиени Еразмус проекти (КА1)

Во извештајниот период се добиени четири Еразмус проекти:

- **КА131 проект 2024-1-MK01-KA131-HED-000195805**, буџет: 31.923 €
- **КА131 проект 2025-1-MK01-KA131-HED-000306112**, буџет: 33.670 €
- **КА171 проект 2024-1-MK01-KA171-HED-000196449** (партнерство со Албанија), буџет: 2.041 €

- **КА171 проект 2025-1-MK01-KA171-HED-000327651**, буџет: 9.775 €

Вкупен буџет: 77.409 €
Ова потврдува посветеноста на УИНТ за активно учество во Еразмус КА1.

Склучени меѓу-институционални договори

Во рамки на програмата се склучени договори со следниве универзитети: Kastamonu University, Турција, TOKAT GAZIOSMANPASA UNIVERSITESI, Турција, Academy of Professional Studies South Serbia, Istanbul Medipol University, Турција, SIVAS Bilim ve Teknoloji University, Турција, Department of Public Finance, Suleyman Demirel University, Турција, Iskenderun Technical University, Турција, Bursa Uludağ University's Inegol Business School, Турција, Universitatea Politehnica Timisoara, Романија, AKSARAY University, Турција, Burdur Mehmet Akif Ersoy University, Турција, State University of Campinas (UNICAMP), Бразил, Politechnical University of Tirana, Албанија. На тој начин, УИНТ продолжува активно да го зголемува бројот на странски универзитети со кои континуирано и посветено соработува во делот на Еразмус КА 1.

Реализирани излезни мобилности во делот на Клучна Акција 1.

Во рамки на извештајниот период се реализирани мобилност на наставен и административен кадар од проектите2023-1-MK01-KA171-HED-000113448 , 2024-1-MK01-KA171-HED-000196449 и 2024-1-MK01-KA131-HED-000195805

Во извештајниот период се реализирани мобилности на наставен кадар во рамки на КА171 програмата во Бразил и Албанија, што претставува подобрување на работата на УИНТ во овој дел на воспоставување практична соработка со универзитети надвор од земјите на ЕУ.

Реализирани мобилности на наставен кадар во извештајниот период:

- Елена Хаџиева, Редовен професор при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, во рамки на проект 2023-1-MK01-KA171-HED-000113448 реализираше мобилност на State University of Campinas, UNICAMP, Brazil, во периодот од 31.03.2025 – 04.04.2025. Во рамки на мобилноста na UNIKAMP, Brazil, проф. Хаџиева направи презентација на УИНТ Св. Апостол Павле, пред наставен кадар и студенти, како и ги одржа следните четири предавања, секое во траење од два училишни часа: Математиката е убава, Математиката е корисна, Математиката во сржта на ВИ: Коректност на програмите – дел 1, Математиката во сржта на ВИ: Коректност на програмите – дел 2. Во рамки на посетата се одржа и состанок кој се разменуваа деи за заедничко истражување, особено во области каде што се преклопуваат теоретската математика со практични примени во вештачката интелигенција.
- Јован Карамачоски, Доцент д-р при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, во рамки на проект **2024-1-MK01-KA171-HED-000196449** која се реализира на Politechnical University of Tirana, Albania, во периодот од 17.03.2025 – 21.03.2025 година.
- Даниела Мечкароска, Доцент Доктор при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, , реализира мобилност во рамки на проект 2024-1-MK01-KA131-HED-000195805 на Niccolo Cusano University, Рим Италија, во периодот од 30.06-04.07.2025 година.

Реализирани мобилности за административен кадар во извештајниот период

- Сашо Маркоски, Советник за материјално, финансиско и сметководствено работење при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, реализира мобилност во рамки на проект 2024-1-MK01-KA131-HED-000195805 на Јунион Универзитет, Белград, Србија, во периодот од 09-13.06.2025 година
- Игор Јовески, Раководител на Одделение за помошно-технички работи при Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, реализираше мобиност во рамки на проект 2024-1-MK01-KA131-HED-000195805 Јунион Универзитет, Белград, Србија, во периодот од 02-06.06.2025 година.

Планирани мобилности за следниот период (академска година 2025/26)

Во следниот период се планирани студентски мобилности за пракса на Бугарската Академија за Науки и Уметности Софија, Бугарија, мобилности за студии на Универзитети во Чешка, Словенија и Турција како и мобилности за наставен кадар во Србија и Романија. Во извештајниот период се исто така поднесени две апликации за Клучна акција 131 и 171.

Влезни мобилности во рамки на Еразмус програмата.

Реализирани се над 30 влезни мобилности за обука и настава на административен и наставен во извештајниот период (види прилози)

Учество на Саеми во Високото образование во рамки на Еразмус КА1 програмата.

Во извештајниот период УИНТ на покана на Национална агенција за европски образовни програми и мобилности зеде учество на

- Саемот за високо образование„CONNECT AND DISCOVER HIGHER EDUCATION EXPO" / South America, Caribbean, Europe and Asia во период од 10 и 11 Декември 2024 година, и
- Виртуелен саем на високо образование во периодот од 24-26 Април со претставници од институции / ВОИ од следните региони: Central Asia, Central Europe, Greater Middle East, Indian subcontinent, South America and, West Africa.

На тој начин УИНТ активно учествува на настаните за промоција на македонските институции надвор од земјите на ЕУ, придонесувајќи за промоцијата на македонскиот високообразовен систем во светот.

Дигитализација на Еразмус програмата

УИНТ е континуирано посветен на следење на најновите практики на Еразмус програмата, во рамки на кои се одвиваат следниве пракси:

- Склучување на интер-институционални договори преку Erasmus Without Paper алатката на Еразмус програмата. УИНТ ги склучува сите договори преку оваа алатка,
- Склучување на Online Learning Agreements за студенти преку Еразмус алатката.
- Креирање дигитални студентски картички за Еразмус студенти преку ESC Router, со што се овозможува на излезните студенти да ги користат бенефициите на оваа програма во странските држави во кои престојуваат.

7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

- **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА БУЏЕТСКА СМЕТКА**

Финансискиот извештај за буџетската сметка на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ – Охрид ја прикажува искористеноста и трошењето на средствата одобрени од буџетот на РМ, по ставки и подставки, годишно и квартално, со преглед на искористеноста на буџетот во проценти, како и споредба на трошоците за 2023 и 2024 година.

Ставка 40 Плати и надоместоци – одобрен буџет: 37.400.000 денари, искористеност: 37.043.480 денари, искористеност во %: 99
401 Плати – одобрен буџет: 26.900.000 денари, искористеност: 26.671.304 денари, искористеност во %: 99
402 Придонеси за социјално осигурување – одобрен буџет: 10.500.000 денари, искористеност: 10.372.176 денари, искористеност во %: 99

Во Универзитетот, заклучно со декември 2024 година, вработени се 35 лица, од кои: 4 редовни професори, 9 професори во звање вонреден професор, 5 лица во звање доцент, 1 лице во наставно-научно звање асистент, 1 лице во звање виш лектор, 1 лаборант, 12 лица во администрацијата на Универзитетот, 2 лица во техничка служба

Ставка 42 Стоки и услуги – буџет: 3.791.000 денари, искористеност: 3.276.870 денари, искористеност во %: 86

Подставка 420 Патни и дневни расходи – буџет: 180.000 денари, реализација: 44.654 денари, искористеност во %: 25 (програма 46)
Буџетот на оваа ставка изнесуваше 180.000 денари. Средствата од оваа ставка се користени за набавка на авионски билети. Доделени средства за патни трошоци од сектор наука по барање на вработени од УИНТ за учество на конференции.

Подставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт – буџет: 2.291.000 денари, реализација: 2.161.014 денари, искористеност во %: 94
Исплатени се трошоци за електрична енергија, ѓубретарина, вода и други режиски трошоци. Трошоците за пошта се искористени за пратки во земјата. Во долунаведената табела се прикажани вкупните трошоци за комунални услуги за 2024 година. Трошоците за телефон и интернет се исплаќани според договор склучен на две години, по претходно објавен тендер за избор на најповолен понудувач.

Подставка 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки – буџет: 270.000,00 денари, реализација: 261.803,00 денари, искористеност на буџетот во %: 97
Од оваа ставка беа исплаќани материјалните трошоци поврзани со работењето на Универзитетот, вклучувајќи трошоци за канцелариски материјали, материјали за чистење, трошоци за печатење на материјали за промоција на УИНТ, брошури и визит-карти за вработените, како и тонери за печатари.

Подставка 424 - Поправки и тековно одржување – буџет: 100.000,00 денари, реализација: 62.200,00 денари, искористеност на буџетот во %: 28
Во првичниот буџет за 2024 година, на оваа ставка беа набавени косилка за одржување на зелени површини и исплати за одржување на софтвер за финансиско работење.

Подставка 425 - Договорни услуги – буџет: 950.000,00 денари, реализација: 747.300,00 денари, искористеност на буџетот во %: 79
Средствата од оваа ставка се користат и за изнајмување на простор во студентскиот дом „Никола Карев“, простории кои се користат како канцеларии на дел од наставниот кадар на УИНТ. Подставка 425 - договорни услуги – буџет: 41.097,00 денари, реализација: 41.097,00 денари, искористеност на буџетот во %: 100 (програма 71 - Наука) Доделени средства за патни трошоци од сектор наука по барање на вработени од УИНТ за учество на конференции.

Подставка 426 - Други тековни расходи – буџет: 0,00 денари, реализација: 0,00 денари
На оваа ставка нема одобрен буџет.

Подставка 464 – разни трансфери – буџет: 180.000,00 денари, реализација: 41.085,00 денари, искористеност на буџетот во %: 0
Исплата на еднократна помош во случај на смрт на член од семејството на вработен, согласно Законот за извршување на буџетот.

Капитални расходи – буџет: 450.000,00 денари, реализација: 409.429,00 денари, искористеност во %: 90
Во 2024 година, за капитални расходи беа набавени 2 лаптоп компјутери, печатари, мрежна опрема и опрема за видео надзор.

Вкупен буџет за 2024 година: 41.821.000,00 денари – искористеност: 40.770.864,00 денари (97%), програма 46
Расходи во износ од 41.097,00 денари од програма 71
Вкупно расходи за 2024 година: 40.811.961,00 денари

Финансиски Извештај

Сопствена сметка

Финансискиот извештај за сопствената сметка на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ – Охрид ги прикажува приходите, искористувањето и трошењето на средствата во текот на 2024 година, по ставки и подставки, како годишно, така и квартално. Завршната сметка на УИНТ е во согласност со информациите од финансискиот извештај за 2024 година.

Приходи

Универзитетот ги остварува своите приходи од уплати по разни основи од страна на студентите. Студентите кои се запишуваат на прва година плаќаат манипулативен трошок од 500 денари при поднесување на документите пред уписот. По рангирањето, тие плаќаат семестрална партиципација во висина од 100 евра во денарска противвредност, што е исто така случај и со студентите кои се запишуваат во останатите студиски години.

Сите студенти ги плаќаат и следните трошоци за упис: пријави и семестрални листови за запишување на студенти – 40 денари, потврда за уплатени 250 денари – за обнова на книжен фонд, потврда за уплатени 500 денари – за манипулативни трошоци (тетратки, обрасци, писмени испити), потврда за уплатени 800 денари – за компјутерска мрежа и опрема, потврда за уплатени 250 денари – други студентски трошоци, солидарна одговорност за штета (годишно), потврда за уплатени 500 денари – упис на семестар, 200 денари – за студентски парламент.

Расходи за 2024 година – 7.121.9717,00 денари

Плати и надоместоци – 4.196.908,00 денари
Според правилникот за плати и надоместоци на УИНТ, од оваа ставка се исплаќаат плати и надоместоци на плати за секој вработен, според бодот и вредноста на бодот за работното место.

Патни и дневни расходи – 27.338,00 денари
Од оваа ставка се исплатени трошоци за патни и дневни расходи за службени патувања во земјата (патарини, автобуски билети за службени патувања).

Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт – 48.314,00 денари
Исплатени се трошоци за регистрација на моторни возила, регистрација на домен на Универзитетот и трошоци за мобилна телефонија.

Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки – 17.496,00 денари
Ставката се користи за исплати на материјални трошоци во готово, согласно законско пропишаното работење со благајна. Исплатени се еднократни суми под 6.000 денари за материјали за разни поправки, ситен инвентар и други материјални трошоци. Набавен е годишен билтен за финансиско правно работење. Исто така, набавени се материјали за тековни поправки на објектот (сијалици, кабли, материјали за поправки на кровна конструкција), дигитален сертификат и годишна претплата на билтен за финансиско правно работење.

Поправки и тековно одржување – 104.795,00 денари
Вклучува сервис за возилата на Универзитетот и редовно законско одржување на противпожарни апарати (ПП апарати).

Договорни услуги – 2.398.721,00 денари
Трошоците за изнајмување на канцеларијата во Скопје, како и трошоци за електрична енергија и други поврзани трошоци, беа платени од сопствената сметка на УИНТ. Исплаќани беа функционални додатоци, учества во комисии и работни тела, како и награди за вработените. Исто така, беа исплаќани трошоци за судски преводи, такси, нострификација на дипломи од странски студенти. Осигурувањето при регистрација на возилата се исплаќа од оваа ставка.

На вработените од УИНТ од ставката други договорни услуги исплатени се вкупно 1,942,609 денари.

Други тековни расходи – 328,145.00

Трошоци за објавување на огласи во дневни весници, учества на семинари за вработените, трошоци за завршна сметка на УИНТ, и данок на добивка за непризнаени расходи. Расходи за кетеринг услуги и репрезентација.

Проектни сметки 2024

Во текот на 2024 година, Универзитетот располагаше со вкупно 10 активни трезорски сметки за грантови добиени по основ на поединечни проекти. Во текот на годината беа отворени 3 нови сметки – една за проектот Еразмус 131, една за Еразмус 171, и една за проектот „Адрион ИПА“.

Проект 1 – „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1: Мобилност на студенти и наставен кадар“ (2017-1-МК01-КА103-035231 – Д1)
Во 2024 година, од оваа сметка беа извршени исплати за комунални услуги (телефон, интернет, електрична енергија, гориво), како и исплата на средства за учество на настанот Virtual Higher Education Expo 2024.

Проект 2 – „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1: Високо образование помеѓу програмски држави“ (2018-1-МК01-КА103-046848 – Е6)
Во 2023 година не се исплаќани средства од оваа сметка.
Салдо: 30.522,00 денари.

Проект 3 – „Одржливо управување и третирање на био-отпад преку користење на методот за производство на био-горива“ – СУМБИО (Ф0)
Во 2023 година не се вршени исплати.
Салдо: 373.737,00 денари.

Проект 4 – „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1: Високо образование помеѓу програмски држави“ (2019-1-МК01-КА103-060000 – И4)
Сметката е отворена во 2019 година. Во 2023 година не се исплаќани средства.
Салдо: 148.139,00 денари.

Проект 5 – „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1: Мобилност во високо образование помеѓу програмски држави“ (2020-1-МК01-КА103-077547 – К3)
Во 2023 година, по завршување на проектот, кон Националната агенција беа вратени 1.534.266 денари.
Преостанати средства: 389.811,00 денари.

Проект 6 – „ЕРАЗМУС + 2021–2027: Клучна акција КА131-HED – Мобилност во полето на високото образование“ (2023-1-МК01-КА131-HED-000112552 – Л8)
Исплатени средства за: Мобилност на наставен и административен кадар: 394.420 денари, Мобилност на студенти: 902.807 денари.

Проект 7 – „ЕРАЗМУС + 2021–2027: Клучна акција КА131-HED – Мобилност во полето на високото образование“ (2023-1-МК01-КА131-HED-000113448 – М2)
Не се вршени исплати од оваа сметка.

Проект 8 – „ЕРАЗМУС + 2021–2027: Клучна акција КА131-HED – Мобилност во полето на високото образование“ (2024-1-МК01-КА131-HED-000195805 – Н7)
Сметката е отворена во 2024 година.
Пристигнати средства: 1.576.205 денари
Не се вршени исплати.

Проект 9 – „ЕРАЗМУС + КА171 HED – Меѓународна кредитна мобилност во високото образование“ (2024-1-МК01-КА171-HED-000196449 – О1)
Сметката е отворена во 2024 година.
Пристигнати средства: 100.609 денари
Не се вршени исплати.

Проект 10 – „JOINABLE – Здружен пристап кон сината циркуларна економија за Јадранскиот и Јонскиот регион“ (Joint Approach to the Blue Circular Economy – for Adriatic and Ionian Region), IPA ADRION (П6)
Сметката е отворена во 2024 година. Пристигнати средства: 1.190.727 денари
Не се вршени исплати.

Расход	Приход	Добивка
1,660,629.00	6,624,593.00	4,963,964.00

Движење на приходите, расходите и добивката на УИНТ од сопствената сметка – графички приказ 2009-2024 (види прилози).

8. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Во однос на активностите поврзани со измени и надградба на машинската и програмската опрема, како и со комуникациската инфраструктура и опрема, во извештајниот период беше извршено дополнување на техничката опрема што секојдневно ја користи наставниот и административниот кадар. Набавени се нови компјутери, печатари и самостоен VR уред, кои се веќе ставени во редовна употреба.

Постапките за јавни набавки за периодот од септември 2024 до септември 2025 година беа спроведувани согласно следните документи:

- Финансиски план бр. 05-35/1 од 04.01.2024 година,
- Годишен план за јавни набавки бр. 05-101/1 од 30.01.2024 година,
- Финансиски план бр. 05-29/1 од 09.01.2025 година,
- Годишен план за јавни набавки бр. 05-30/1 од 09.01.2025 година,
- Измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-30/2 од 22.05.2025 година.

Во рамки на наведените планови беа предвидени вкупно 14 (четиринаесет) постапки за јавни набавки. Од нив беа спроведени 7 (седум) постапки, што претставува 50% реализација во однос на планираното.

Од вкупно предвидени 4.040.886,00 денари за сите постапки (за стоки и услуги), преку склучени договори се искористени 1.302.189,70 денари, што претставува реализираност од 32% од предвидените средства.

9. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

Преку активностите на Центарот се овозможува целосно согледување на потребите на пазарот на трудот и креирање соодветни програми за едукација и обука. Се обезбедува информирање на работодавачите за расположливиот стручен кадар едуциран на Универзитетот, како и создавање база на податоци за деловните субјекти и воспоставување перманентна двонасочна комуникација, со цел динамично следење и навремено решавање на тековните предизвици. Дополнително, Центарот организира промотивни предавања, семинари, работилници и други слични настани.

Во извештајниот период Центарот за кариера ги организира и реализира следните активности: Работилница за Кариерни стратегии за успех во барање на работа, Учество на саем за образование во Младинскиот центар-Охрид, Семинар „Патот до успех во Силиконската долина, Учество на саем за кариера во Младинскиот центар-Охрид, Информирање на студенти за пракси, Информирање и посредување на студенти за размена на еден семестар на друг универзитет, Учество во организирање на настани во просториите на Универзитетот, Учество во промовирање на Универзитетот по локалните средни школи.

10. СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ СЕКТОР

Универзитетот континуирано остварува соработка заснована на различни аспекти и дејности со бројни организации и институции од стопанскиот и нестопанскиот сектор, со цел проширување на практичната настава, реализација на заеднички проекти, истражувања и унапредување на квалитетот на образованието. Во рамки на оваа соработка се вклучени следните субјекти: Writerity Inc, Bintern, Битола, Акаунтинсајт Источна Европа, Guli Youth, Крушево, ГрабИТ Дооел, Прилеп, Great IT Nordic AB (Great IT), Малме, Шведска, iSource, Битола, Prime Point, Скопје, WeWatt Company, Средно училиште „Ѓорѓи Наумов“, Битола, IT Labs, Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје, Библиотека „Григор Прличев“, Охрид, ЦЕФЕ Македонија (CEFE Macedonia), ОЕМUC „Св. Наум Охридски“, Џуниор Ачивмент Македонија (Junior Achievement Macedonia), Здружение за развој на културно-уметнички вредности „Тактус“, ОСУ „Св. Климент Охридски“, ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања „Свети Стефан“, Општина Охрид, Порака Нова, Државниот архив на Република Северна Македонија, SEFIDANIS, Охрид

Овие соработки претставуваат значаен придонес во зголемување на применливоста на знаењата стекнати во процесот на високо образование и поттикнување на меѓусебна

поддршка помеѓу академската заедница и поширокаата општествена и економска средина.

11. СВЕЧЕНОСТИ И ДРУГИ НАСТАНИ

1. Организирани и реализирани настани

14.08.25 Предавање пред студенти на додипломски и магистерски студии од Програмата за млади „Тосја Беледијеси“ Еразмус+ КА151 од Турција, за дел од проектот ERASMUS+ „Социјално влијание на NFT: Оспособување на младите да создадат социјално влијание преку NFT“ (SINFT), кој се фокусира на виртуелни размени во високото образование и младински иницијативи (2025 – 2028). https://uist.edu.mk/empowering-youth-through-digital-innovation-at-uist-ohrid/

25.07.25 Ученици од училиштето „Св. Климент Охридски“ на едукативната посета на УИНТ,имаа можност да тестираат иновативна игра за виртуелна реалност (VR) развиена од Јона Насуфи. Креирана како дел од нејзината дипломска работа под менторство на професорката Дијана Цапеска Богатиноска, дизајнирана е да го поддржи развојот на когнитивните и моторните вештини кај децата, особено кај оние со тешкотии во учењето или концентрацијата. Настанот беше организран заедно со проф. д-р Анета Велкоска. https://uist.edu.mk/students-from-st-clement-of-ohrid-school-test-innovative-vr-game-at-uist-st-paul-the-apostle/

22.05.25 Одржан панел „Жените во енергетиката: од визија до акција“ кој понуди динамична и инспиративна дискусија со учество на жени од енергетскиот сектор кои работат на различни професионални позиции. Панелот беше во организација на вонр. проф. д-р Александар Карадимче.
https://uist.edu.mk/panel-discussion-on-women-in-engineering-with-a-focus-on-energy/

12.05.25 Дискусија на дебатниот клуб, на студентското собрание на Универзитетот на тема „Права на студентите и спречување на корупција“. Во дебатата учествуваа проф. д-р Елена Хаџиева, овластено лице за прием на пријави за корупција на УИНТ, Рахела Бушиноска, студентски правобранител и студентите. https://uist.edu.mk/open-dialogue-on-student-rights-and-academic-integrity-held-at-uist/

09.05.2025 Учество во петтиот Generalka Weekend национална еколошка иницијатива посветена на заеднички акции за чистење и подигнување на свеста за одржливоста. Учеството беше координирано од Комисијата за промоција. https://uist.edu.mk/uist-joins-the-5th-generalka-weekend-a-step-toward-a-greener-future/

27 – 29.04.25 Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид беше домаќин на воведниот состанок на Еразмус+ проектот SINFT – NFT со социјално влијание: оспособување на младите да направат социјално влијание преку креирање на NFT. Координатор на проектот е вонр. проф. д-р Александар Карадимче, додека пак Координатор за комуникација и дисеминација вонр. проф. д-р Мерсиха Исмајлоска. https://uist.edu.mk/uist-hosted-sinft-project-kick-off-meeting/

24.04.25 Отворен ден на УИНТ на кој освен презентација на универзитетот и успешни проекти на наши студенти под менторство на наши професори, беше одржана и дебата за 24 Април, Интернационалниот ден на девојчињата во ИКН во која учествуваа вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска, вонр. проф. д-р Мерсиха Исмајлоска, виш лектор Лина Милошевска, како и студентките Јона Насуфи и Ангела Ѓурова. Настанот беше во организација на Комисијата за промоција, а на него беа присутни гимазијалци од Охрид и околината. https://uist.edu.mk/uist-open-day-2025/

25.04-27.04.25 Startup Weekend Ohrid во просториите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид. Координатор на

настанот беше вонр. проф. д-р Александар Карадимче, а на него учествуваа и вонр. проф. д-р Анис Сефиданоски, вонр. проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска и вонр. проф. д-р Мерсиха Исмајлоска. https://swohrid.com/

04.03.25 Проектот на USAID за дигитализација и отпорност на критичната инфраструктура (CIDR), имплементиран од DAI Global, LLC, дониpаше специјализирана опрема за сајбер безбедност на Универзитетот за информатички науки и технологии (UIST) „Св. Апостол Павле“. Донацијата ја координираше вонр. проф. д-р Александар Карадимче https://uist.edu.mk/cidr-donation/

24.02.25 Студенти на универзитетот ги презентираа своите иновативни IoT решенија под водство на доц. д-р Даниела Мечкароска. Вклучени беа проекти на Амир Ајдиноски, кој презентираше систем за навигација кој користи Arduino Uno и ултразвучни сензори за апликации за паркирање, логистика и навигација; паметен градски информативен центар во реално време од Анастасија Милеска; систем за детекција на движење и препознавање лица од Кристина Коркутоска и Валентин Цветаноски; систем за следење на почвата базиран на IoT од Ана Алексова и Рахела Бушиноска; безжичен контролер со џојстик модул од Андреј Филоски и Мартин Љушкоски. https://uist.edu.mk/iot-project-showcase/

11.02.25 Февруари, Интернационалниот ден на жените и девојчињата во науката. На настанот со свои мотивациски говори се обратија: проф. д-р Наталија Николовска од УКИМ, проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска од УИНТ и проф. д-р Сузана Патчева од Хидробиолошкиот завод, Охрид, како и Бисера Чаулева магистрант на УИНТ. Во рамките на настанот беа доделени и стипендии од Кинеската амбасада, а на најдобрите студенти им ги доделија ректорот, проф д-р Иван Бимбиловски и кинескиот амбасадор Ху Леи. https://uist.edu.mk/international-day-of-women-and-girls-in-science/

22.10.24 Универзитетот за „Св. Апостол Павле“ ја прослави својата 15-годишнина на универзитетскиот кампус во Охрид. Почесен гостин беше г. Ху Леи, вршител на должноста амбасадор на Амбасадата на Народна Република Кина во Северна Македонија. Во своето обраќање, проф. д-р Иван Бимбиловски, ректор на УИНТ, го истакна плодното партнерство меѓу Универзитетот и Кина, нагласувајќи ја континуираната поддршка од кинеската амбасада. https://uist.edu.mk/?s=with+the+Chinese+Embassy

22.10.24 Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, на денот на својот патронат, ја одбележа својата 15-годишнина, со церемонија која го одрази неговиот придонес во високото образование и истражувањето во Македонија и пошироко. Од своето основање, УИНТ привлече студенти и професори од над 40 земји, етаблирајќи се како регионален лидер во ИТ, науката и дигиталните иновации. На прославата по повод јубилејот, што се одржа во амфитеатарот на универзитетот, се слушнаа говори од истакнати личности од академската заедница, владата и алумни на универзитетот, истакнувајќи ги достигнувањата на УИНТ и неговите идни амбиции. Беа доделене и и дипломи на нашите дипломци и магистранти, а ректорот проф. д-р Иван Бимбиловски ја нагласи и посветеноста на универзитетот кон развивање висококвалитетни дипломирани студенти подготвени да се справат со глобалните предизвици во областа на информатичките науки и технологии. https://uist.edu.mk/15-years-anniversary/

01.10.24 Одржан првиот академски час за учебната 2024/25 година

2. Гостински предавачи

26.07.25 Предавање на проф. д-р Гордана Маневска-Тасевска од Шведскиот универзитет за земјоделски науки (SLU). Како вонреден професор и директор на докторски студии на Одделот за економија на SLU, проф. Маневска-Тасевска одржа предавање за организацијата и структурата на докторските студии, црпејќи од своите искуства со докторанти, но и како член на докторскиот одбор на нејзиниот факултет. Проф. Маневска-Тасевска е дел од иницијат ивата на ОН „Brain Gain“, која поттикнува соработка помеѓу меѓународни истражувачи со македонско потекло и универзитетите во Македонија. https://uist.edu.mk/advancing-doctoral-studies-slu-professor-gordana-manevska-tasevska-visits-uist-ohrid/

15.07.25 Предавање „Одржливо лидерство во училиштата“ од д-р Бехије Дагдевирен Ерташ (Behiye Dağdeviren Ertaş), доцент на Универзитетот Јозгат Бозок (Yozgat Bozok University), Турција. Предавањето беше во рамките на Еразмус + програмата.

15.5.25 Прием на гости професори од Академијата за професионални студии од Јужна Србија кои го посетија Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“. Гостите ги примија вонр. проф. д-р Александар Карадимче, вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска и м-р Елена Јовческа. https://uist.edu.mk/professors-from-the-academy-of-professional-studies-from-southern-serbia-visited-the-university-of-information-science-and-technology-st-paul-the-apostle-ohrid/

14.04.25 Професорот Андреас Спаниас од Државниот универзитет во Аризона одржа Фулбрајтов истражувачки семинар. Неговото предавање, насловено како „SenSIP истражување во класичното и квантното процесирање на сигнали и вештачката интелигенција за енергија и други апликации“, ја истакна тековната работа што се извршува во SenSIP центарот. Предавањето беше организирано од вонр. проф. д-р Александар Карадимче и вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска, на иницијатива на проф. д-р Елена Хаџиева. https://uist.edu.mk/fulbright-research-seminar-by-prof-andreas-spanias/

04.04.25 Универзитетот „Св. Апостол Павле“, беше домаќин на настан од серијата „Оксфорд Конекшн“. Во амфитеатарот на нашиот универзитет, проф. Најџел Крук, декан на Универзитетот „Оксфорд Брукс“, одржа предавање на тема: „Ефикасно машинско учење инспирирано од мозокот со пулсирачко активирање на невронски мрежи“. Настанот беше дел од единаесеттиот по ред „Оксфорд Конекшн“, организиран во соработка со Балканскиот институт за вера и култура. Настанот го модерираше вонр. проф. д-р Анис Сефиданис, а за универзитетот зборуваше вонр. проф. д-р Горан Шибаковски. https://uist.edu.mk/lecture-from-prof-nigel-crook-dean-at-the-oxford-brookes-university/

03.04.25 Предавање на доц. д-р Туркан Килинч (Turan KILINÇ) од Катедрата за рударство и екстракција, Sivas Cumhuriyet University во рамките на Еразмус програмата

01.04.25 Работна посета на УИНТ „Св. Апостол Павле“ од страна на Генералниот конзул на Р. Бугарија во Битола, Н.Е. г. Николај Димитров.

28.11.24 Предавање на Организацијата „Секој студент“: „Како до успешна кариера во Силиконската долина?“. Предавањето го одржа Ренате Стојбер, со повеќе од 30 години искуство во технолошки гиганти како Oracle.

3. Промотивни активности

02.08.25 Делегација од Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ учествуваше на централната прослава на Денот на Републиката во Крушево. Настанот се одржа под покровителство на претседателката на Република

Северна Македонија, Н.Е. проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова. https://uist.edu.mk/celebrating-august-2nd-uist-delegation-in-krushevo/

29.05.25 Претставници на УИНТ учествуваа на јавното предавање „Половина век бугарски научни истражувања на Антарктикот“ на проф. Христо Пимпирев, кој е директор на Националниот центар за поларни истражувања, предавач на Факултетот за геологија и географија на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“, како и претседател на Бугарскиот антарктички институт. Настанот се одржа во амфитеатарот на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. https://tribuna.mk/poznatiot-bugarski-nauchnik-prof-d-r-hristo-pimpirev-kje-odrzhi-javno-predavanje-vo-ohrid-na-tema-bugarskite-istrazhuvanja-na-antarktikot/

24.05.25 Делегација од Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, положија свежо цвеќе на споменикот на Светите браќа, Свети Кирил и Методиј, во центарот на Охрид. https://uist.edu.mk/uist-honors-the-legacy-of-saints-cyril-and-methodius/

04.05.25 Одбележување на Star Wars Day

30.04.25 Учество на Саемот за образование и кариера, кој се одржа во Младинскиот центар во Охрид. Учеството го координираше Јасмина Андоноска. https://uist.edu.mk/uist-showcases-innovative-programs-at-the-ohrid-education-and-career-fair/

28.04.25 Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, проф. д-р Иван Бимбиловски, учествуваше на церемонијата по повод инаугурацијата на проф. д-р Беким Фетаји за нов ректор на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. https://uist.edu.mk/uist-rector-participates-in-the-inauguration-ceremony-of-mother-teresa-universitys-new-rector/

22.04.25 Одбележување на Денот на планетата Земја

Учество во петтото коло од Бизнис шаховската лига **Охрид 2025** https://uist.edu.mk/uist-takes-first-place-in-the-5th-round-of-the-ohrid-2025-business-chess-league/

07.04.25 Одбележување на Светскиот ден на здравјето

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ ги пречека студентите од **Техничкото училиште Ужице**, Србија, и учениците од ОУЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ на информативна презентација што се одржа во универзитетски амфитеатар. Организатор на посетата беше вонр. проф. д-р Анета Велкоска, а учествуваа и вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска и Јона Насуфи. https://uist.edu.mk/uist-welcomes-students/

14.03.25 Одбележување на π денот

26.12.24 Учество на донаторски настан во поддршка на проектот „Буки“ кој се одржа во Гастротека „Сиеста“ Скопје, привлекувајќи голем број поддржувачи. Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ го претставуваа вонр. проф. д-р Мерсиха Исмајлоска и доц. д-р Јован Карамачоски. https://uist.edu.mk/donor-party/

10-11.12.24 Учество на EEC Virtual Higher Education Expo 2024 на тема „Поврзи се и откриј“. Овој настан има за цел да ги поврзе студентските организации, агенциите за регрутирање, универзитетите и потенцијалните студенти од целиот свет, поттикнувајќи можности за соработка со учесници од Европа, Азија, Јужна Америка и Карибите. Универзитетот „Св. Апостол Павле“ го претставуваа вонр. проф. д-р Горан Шибаковски и вонр. проф. д-р Александар Карадимче. https://uist.edu.mk/uist-showcases-excellence-at-eec-virtual-higher-education-expo-2024/

08.12.24 Делегација од Универзитетот за информатички науки и технологии му оддаде почит на Свети Климент Охридски со положување свежо цвеќе на неговиот споменик на градскиот плоштад во Охрид. https://uist.edu.mk/uist-delegation-honors-the-legacy-of-st-clement-of-ohrid/

01.11.24 Интервју на Ректорот проф. д-р Иван Бимбиловски за ohridnews, со наслов: „Бимбиловски: Универзитетот дава свој придонес во развој на локалната економија, студентите се подготвуваат да одговорат на потребите“. https://www.ohridnews.com/bimbilovski-univerzitetot-dava-svo%d1%98-pridones-vo-razvo%d1%98-na-lokalnata-ekonomi%d1%98a-studentite-se-podgotvuvaat-da-odgovorat-na-potrebite/?fbclid=IwY2xjawMO3WpleHRuA2FlbQIxMQABHpQDM3nqLhk5sbeXaGp8FKzBvDweuVD7HmIQBPwNR71zTa-Z5A7Lcc6tJMVo_aem_ZwmfrXt9bP9k6_rHOLhs9Q

22.09.24 Ректорот проф. д-р Иван Бимбиловски го посети Универзитетот Ланџоу Џиаотонг. За време на посетата, ректорот Бимбиловски беше пречекан од претседателот на Универзитетот Ланџоу Џиаотонг Ди Шенгкуи и Чен Сичун, потпретседател на овој универзитет. Соработката помеѓу Универзитетот Ланџоу Џиаотонг и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ започна во 2016 година. Оттогаш се реализирани повеќе од 40 размени и посети, а успешно се одржа и „Конференцијата за академска размена помеѓу Универзитетот Ланџоу Џиаотонг и Универзитетот во Северна Македонија“. На Универзитетот беше отворена и „Лабораторијата на Центарот за размена на наука, технологија и култура“. https://uist.edu.mk/?s=Visit+of+the+Rector+Bimbilovski+at+Lanzhou+Jiaotong+University

20.09.24 Ректорот на Универзитетот „Св. Апостол Павле“, проф. д-р Иван Бимбиловски, присуствуваше на церемонијата по повод отворањето на „Заедничкиот истражувачки центар за дигитално земјоделство помеѓу Земјоделскиот универзитет Гансу и Универзитетот за информатички науки и технологија“. Ректорот Бимбиловски беше пречекан од претседателот на Земјоделскиот универзитет Гансу, Чаи Ќанг. Домаќин на церемонијата по повод откривањето беше потпретседателот на овој универзитет, Си Хуаиџун. https://uist.edu.mk/?s=Gansu+Agricultural+University

Комисијата за промоција одржа промоции на Универзитетот во училиштата:
05.05.25 СОУГ „Мирче Ацев“, Прилеп.17.04.25 СОСУ „Св. Кирил и Методиј“, Охрид 15.04.25 ОСУ „Мирко Милески“, Кичево.15.04.25 СОУ „Св. Наум Охридски", Македонски Брод 09.04.25 СОУ „Нико Нестор“, Струга 09.04.25 СОУ „Ибрахим Темо“, Струга;18.03.25 ОСУ „Св. Климент Охридски“, Охрид;26.02.25 ОУЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Охрид

Универзитетот освен својата официјална веб страна, има и активни профили на дел од социјалните мрежи:

https://uist.edu.mk/;https://www.facebook.com/UISTStPaultheApostle/; https://www.instagram.com/uistohrid/;https://mk.linkedin.com/school/uist-st-paul-the-apostle/; https://x.com/UOhrid

Проф. д-р Иван Бимбиловски
Ректор